20262624693

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во согласност со член 20 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/24, 27/25, 178/25 и 93/26), точката 11 се менува и гласи:

„Банката ја исполнува задолжителната резерва во денари доколку просечната дневна состојба од средствата на сметките на банката кај Народната банка за периодот на одржување е најмалку еднаква на пресметаната задолжителна резерва, во согласност со точка 7 од оваа одлука.

За потребите на исполнувањето на задолжителната резерва во денари од ставот 1 од оваа точка, се земаат предвид состојбите на средствата на сметката за порамнување на банката во Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС), како и на сметката за порамнување на банката во Националниот инстант платен систем (во натамошниот текст: НИПС), утврдени врз основа на извештаите за состојбата и прометот на соодветната сметка издадени на крајот од работниот ден согласно правилата за работа на секој од платните системи.

На дневна основа, банката може целосно да ги користи средствата од задолжителната резерва во денари.“

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ставот 2 од точката 11 која се менува со оваа одлука, ќе започне да се применува од денот на започнување со работа на НИПС.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 02-35250/6
2 ноември 2026 година
Скопје